**20260791210**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 8 април 2026 година.

Бр. 08-2634/1
8 април 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18, 70/19 и 98/19 и Службен весник на Република Северна Македонија број 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25 и 58/26), во членот 301 по став (23) се додава нов став (24), кој гласи:

„(24) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б“ има право да управува и со мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1“ чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 $cm^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, откако ќе наполни 23 години, поседува минимум пет години важечка возачка дозвола од категорија „Б“ и поседува потврда за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 $cm^3$ (теоретска обука), само на територијата на Република Северна Македонија.“.

Ставовите (24), (25), (26), (27), (28), (29) и (30) стануваат ставови (25), (26), (27), (28), (29), (30) и (31).

Член 2

Содржината на обуката, формата, содржината на потврдата и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 $cm^3$ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон ја пропишува министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Автошколата ја издава потврдата за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 $см^3$ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон и го известува Министерството за внатрешни работи кое води посебна евиденција.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.